СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-03/1
25.01.2018 г.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 15/05), ја

# С В И К У В А М

**8-та** седница на Советот на Општината Битола за 30.01.2018 година (вторник) со почеток во 10,оо часот.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот, со предлог на следниот

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Годишен план за работа на КЈП „Нискоградба“ во 2018 година.
2. План за работа на ЈП „Пазари“ за 2018 година.
3. Годишен план за вработување во ЈП „Комуналец“ за 2018 година.
4. Годишен план за вработување во ЈКП „Водовод“ за 2018 година.
5. Годишен план за вработување во КЈП „Нискоградба“ за 2018 година.
6. Годишен план за вработување во ЈП „Пазари“ за 2018 година.
7. Локален акционен план на Општина Битола во областа вработување, домување, образование, здравство и жената ромка за периодот 2018-2020.
8. Локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај ромите преку претприемништво во Општина Битола (2018-2020).
9. Одлука за поништување на постапката за воспоставување на Јавно приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територијата на Општина Битола бр. 14-175/2014 од 18.08.2015 година.
10. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за вода за пиење на ЈКП „Водовод“ Битола за регулиран период 2018 – 2020 год.
11. Одлука за преземање на мерки за заштита на животна средина и подобрување на амбиенталниот воздух во Општина Битола.
12. Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион.
13. Решение за формирање на повремена Комисија за туризам на Советот на Општина Битола.
14. Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор во ОУ „Гоце Делчев“ Битола.
15. Решение за разрешување и именување на претставникот од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола.
16. Решение за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола.

17. Решение за разрешување и именување на претставник од Установата за член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола.

18. Одлука за дислокација на спомен обележјето на загинатите бранители од Битола и битолско од воениот конфликт од 2001 г. во АРМ Битола.

19. Одлука за продолжување на важењето на Програмата за поставување на урбана опрема 2016/17 на подрачјето на Општина Битола.

20. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци.

21. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци.

22. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила.

23. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила.

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски